**1243.**

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за Царинска управа ("Службен весник на Република Македонија" број 46/04 и 81/05), министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА,СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници (во натамошниот текст: службена легитимација).

Член 2

Службената легитимација е изработена од 135 грамска хартија кундздрук, во зелена боја, пластифицирана со 175 микронска фолија, со димензии 9,7 см. X 6,00 см. која е сместена во четвороделен кожен повез со црна боја, и секој дел е со големина 12,5 см. X 7,8 см, и се издава на образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Службената легитимација е сместена во десната страна од кожниот повез, под прозирна пластична фолија.

На предната страна образецот содржи: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", "МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ", "ЦАРИНСКА УПРАВА" и "СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА", десно во средина, има место за фотографија со димензии 1,7 см. X 2,00 см., а под неа е дел каде е впишан бројот на службената легитимација, во горниот лев агол е симболот на Царинската управа на Република Македонија, под текстот "СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА" се впишуваат податоци: за името и презимето на царинскиот службеник.

На задната страна се впишуваат податоци за: датум на раѓање на царинскиот службеник, живеалиште, датумот на издавањето на службената легитимација, ЦАРИНСКА УПРАВА НА Р.М., регистарски број, крвна група, потпис на овластеното лице и печат на Царинската управа.

На надворешната горна страна од кожниот повез се наоѓа метална значка која во горниот дел има ознака на Република Македонија "РМ", во средишниот дел содржи симбол на Царина на Република Македонија со натпис над него во горниот дел "CUSTOMS", во долниот дел под симболот "ЦАРИНА", како и втиснат број истоветен со бројот на легитимацијата.

Член 4

Директорот на Царинската управа или од него овластено лице, ја издава службената легитимација.

За издадените службени легитимации се води евиденција.

Евиденцијата за издадените службени легитимации содржи: реден број, име и презиме на царинскиот службеник на кој му е издадена службената легитимација, датум на издавањето, број на службената легитимација, назив на организационата единица при Царинската управа каде што царинскиот службеник е распореден во време на издавањето на службената легитимација, како и рубрика за забелешки во која се запишуваат измените на податоците.

Член 5

Службената легитимација му се издава на царинскиот службеник додека работи на работи и задачите како униформиран царински службеник, односно царински службеник со посебни должности и овластувања.

Член 6

Носителот на легитимацијата кој ја изгубил службената легитимација или на друг начин останал без неа ја известува централната управа на Царинската управа заради бришење на службената легитимација од евиденција.

Член 7

На носителот на службената легитимација на кој ќе му престане работниот однос или ќе биде распореден на друго работно место, му се одзема легитимацијата во рок од 24 часа. Легитимацијата која се одзема се предава во централната управа на Царинската управа.

Член 8

Службената легитимација се заменува со нова, кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива и истата се брише од евиденција.

Кога носителот на службената легитимација ќе го промени личното име му се издава нова легитимација, а старата службена легитимација со брише од евиденција.

Член 9

Службените легитимации кои се враќаат или заменуваат се ништат.

Член 10

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација на царинските службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2003 година).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-27557/1
20 јули 2007 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

Образец за изгледот на легитимација







